Влада на Република Северна Македонија

„Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“

**До: Граѓански организации, експерти, активисти**

**Предмет: Покана за Отворен ден за иницијативи на граѓански организации: Консултација за младински политики**

Почитувани претставници на граѓанското општество, Во согласност со определбата на Владата на Република Северна Македонија за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување политики, Ве покануваме на петтиот од серијата Отворени денови за иницијативи на граѓански организации, кој ќе се однесува на Младински политики за 2019-та година.

Отворениот ден ќе се одржи на 27 јуни 2019 година (четврток) со почеток во 11:00 часот, во Свечената сала во Владата на Република Северна Македонија.

Во прилог се наоѓаат агенда, покана, насоките за иницијативите, како и прашалникот кој треба да го пополните за вашата иницијатива. Во текот на утрешниот ден ќе испратиме брифови со младинските политики и финална агенда.

Областите на младински политки за кои ќе се врши консултација ќе бидат:

1. Средношколско демократско организирање
 + Средношколски стандард
2. Студентско демократско организирање;
 + Студентски стандард
3. Ко - менаџмент тело за координација помеѓу младинските организации и институциите и за структурен дијалог
4. Сеопфатно сексуално образование
5. Употреба на психотропни супстанции меѓу малолетници и млади
6. Зелени работни места
7. Младинска работа
8. Младинска гаранција
9. Закон за млади
10. Ревизија на Националната стратегија за млади
11. Проекти за млади во рамки на ФИТР
12. Европска младинска картичка
13. Едно општество - (компонента Млади, компонента Образование, со фокус на младински размени и справување со говор на омраза)
14. Помагање на заедниците (младински активизам на локално ниво - community service, волонтерство)


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“

Вашите предлози, Вие како претставници на граѓанското општество можете да ги поднесете преку пополнување прашалник (во прилог), на било која од горенаведените политики но и надвор од истите доколку сметате дека треба да се воведе нова. Како би постигнале ефективна и продуктивна дискусија, ќе отвориме простор и за усно презентирање на претходно поднесената иницијатива во времетраење од најмногу пет минути.

Ве замолуваме да го потврдите Вашето учество или учеството на еден претставник од Вашата организација и да го испратите пополнетиот прашалник на електронската адреса svetlana.siljanoska@vlada.gov.mk најдоцна до 26 јуни 2019 година (среда) до 17:00 часот.

Доколку, за вашата иницијатива ви е потребно повеќе време, чувствувајте се слободни да ја презентирате во сесиите за дискусија, а пополнетиот прашалник да го доставите не подоцна од 30 јуни 2019 00:00

Доколку имате дополнителни прашања, контактирајте не преку е-маил svetlana.siljanoska@vlada.gov.mk или на телефонскиот број 071/391-218

Поздрав и пријатен ден


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk